**Јулијана АЈДИНИ**

# ДЕЦАТА НА РОДИТЕЛИ-ЗАТВОРЕНИЦИ ВО АЛБАНИЈА

*„Неспособноста да се промени системот не мора да претставува слабост, но ако не се направи ништо е знак на интелектуален страв.“ (Мохан, 1999)*

## Вовед

Затворот има непосредно и далекусежно влијание врз засегнатите семејства. Хаган (2000) наведува дека затворањето на родителите сериозно може да го намали економскиот и социјалниот капитал од кој семејствата и заедниците зависат за успешно да ги воспитуваат и подигаат своите деца. Дезинтеграцијата на семејството, која често е резултат на лишувањето од слобода, значи дека децата може да доживеат долотрајни и интензивни периоди на нестабилност и несигурност. Тој наведува дека затворањето на родителот може да ги има следниве негативни ефекти: притисоци од економското лишување; губењето на родителска социјализација преку

Авторката е предавач на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Тирана

улогата на модел, поддршката и надзорот; и стигмата и срамот да бидеш обележан од општеството.

Децата можат да бидат погодени на различни начини, во зависност од улогата што ја имал родителот кој е во затвор. Едно значително прашање што се отвора е обезбедувањето алтернативна грижа во случаи кога жените кои се грижеле за децата се затворени. Поверојатно е дека жените, за разлика од мажите, повеќе се грижат за децата пред да бидат затворени, што значи дека поверојатно е дека децата на жените-затворенички ќе доживеат поголемо нарушување во обезбедувањето грижа (Хили и сор., 2000). Во овие случаи честопати се вклучуваат пошироките семејни мрежи преку втората генерација (баби и дедовци), односно од второ колено (тетки и чичковци) кои ја превземаат улогата на старатели. Ако таквата поддршка не е достапна, посвојувањето станува опција (Хауард, 2000). Од друга страна, затворањето на таткото може понекогаш да го отстрани главниот обезбедувач на приходи од семејната структура, што ја зголемува веројатноста од финансиски тешкотии. Останатиот родител поради тоа може да има помалку пари и помалку време за своите деца, што може да влијае на нивниот целокупен развој.

Децата на родители-затвореници се помеѓу најранливите категории деца, со висок ризик од запоставување, злоставување и злоупотреба, здравствени проблеми на однесувањето, деликвенција и злоупотреба на droги. Доколку не се згрижени, проблемите на децата чии родители се затворени може да развијат интергенерациски шеми на криминал и насилство. Историските промени во структурата на семејството, стапките на користење на дроги, политиките за кривичните казни и зголемувања на бројот на родители-затвореници како последица од нив, имаат длабоко негативно влијание врз добросостојбата на децата на родители-затвореници.

Оваа студија, прва од ваков вид во Албанија, го привлекува вниманието на истражувачите на правата на децата чии родители се во затвор. Ова има за цел да отвори нова област за проучување која го заслужува вниманието на социјалните работници и на други засегнати страни.

Децата чии родители се во затвор имаат повеќекратни и непосредни потреби. Ним им е потребно безбедно место за живеење и лица кои ќе се грижат за нив во отсуство на нивниот/те родител/и, како и сè друго што родителот треба да го обезбеди за своите деца: воспитување, храна, облека, здравствена заштита итн. Студиите покажаа дека оваа категорија деца преживува чувства како страв, лутина, вина, нетрпеливост, напуштеност и осаменост (Блок & Потхаст, 1998). Некои деца покажуваат проблематично и агресивно однесување во училиште, во

домот и во заедницата, додека други се затвораат во себе и паѓаат во депресија (Хантер, 1980). Претходните истражувања (не во Албанија) покажуват дека многу од овие млади луѓе се повеќе изложени на ризик да го продолжат проколнатиот круг на одење во затвор како и нивните родители (Мумола, 2000). Исполнувањето на овие потреби ќе резултира во имплементација на основните права на децата на родители-затвореници.

Кои се правата на овие деца и на нивните семејства? Што може да се каже за да се почитуваат нивните права? Како можеме ние да помогнеме? Несомнено, нивните права се безбројни. Децата имаат право да бидат информирани во времето на апсење на нивните родители и да знаат кој ќе биде нивен старател за ова време (Деца на родители-затвореници: Закон за правата). Тие имаат право на друштво од други кои се наоѓаат во истите околности, за да можат да сфатат дека не се сами. Тие имаат право на контакт со нивниот родител и на продолжување на овие релации дури и под тешки услови. И пред да бидат обележани поради статусот или делата на нивниот родител, тие имаат право да бидат почитувани, како и право на еднакви можности за развој и просперитет.

Честопати овие права не се препознаени, но исто така и се игнорираат. Низ годините, правниот систем го подобри спроведувањето на правата на затворениците, но социјалните служби не секогаш посветуваат внимание за исполнување на потребите на нивните деца. Децата на родителите-затвореници не направиле никаков криминал, но за жал на крајот плаќаат наместо нив. Во многу случаи, тие губат речиси сè што им овозможува да се чувствуват како дома, нивната безбедност, нивниот јавен статус и приватната слика за себе и нивните извори на утеха и внимание. Животот и нивната перспектива за иднината потпаѓаат под целосно влијание на разновидни институции – полицијата и судовите, затворските ќелии, условното ослободување и помилување – но тие немаат права, експлицитни или имплицитни, во ниедна од овие надлежности.

Целта на овој труд е да ги истражи, преку искуствата на деца на родители-затвореници, нивните човекови права и проблемите поврзани со почитувањето на нивните права после осудувањето на нивната/иот мајка и/или татко.

Прашањата кои се обработени со ова истражување се:

- Како децата ги сфаќаат своите права?
- Кои промени во концептот на човекови права се случиле во животите на децата откако нивните родители биле осудени?
- На кој начин давателите на социјални услуги, социјалните работници и службениците во социјалните служби треба да се поставаат кон овие прашања за почитување на нивните права?

## МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа студија користи квалитативен метод на истражување. Резултатите од оваа студија не може да се генерализираат на поширока популација, но целта на оваа студија е детално да разбере како се почитуваат правата на децата чии родители се во затвор.

***А) Учесници***

- *Критериуми за избор на учесници*

Во оваа студија деца чии родители се во затвор се интервјуирани во периодот јули-септември 2011 година. Истражувањето вклучува 10 деца, од кои три се девојчиња. Учесниците беа интервјуирани во периодот јули-август 2011 година. За нивниото учество во истражувањето беа користени неколку критериуми:

- барем еден родител да е во затвор
- нивниот/те родител/и да служи казна во затворот 325 во Тирана, Албанија
- возраста на децата да е од 10 до 18 години
- да бидат придружувани од законски старател
- да дадат согласност за учество во студијата.

- *Претставување на учесниците*

Во овој дел се наведуваат некои општи информации за децата кои беа избрани за оваа студија. Учесниците се следниве (поради етички причини сите податоци преку кои може да се идентификуваат лицата во оваа студија се анонимизирани):

Мира е 17 годишно девојче со завршено основно образование. Нејзиниот татко е осуден на 6 месеци во затвор. Таа живее со нејзината мајка и со нејзината помала сестра, која има 10 години.

Давид е 16 годишно момче со завршено основно образование. Тој живее со неговата мајка, баба од таткова страна и две сестри кои се постари од него. Неговиот татко е во затвор.

Ени е 16 годишно момче од Фиер. Ени има завршено само шесто одделение од основно образование и потоа го напуштил училиштето. Мајката на Ени е во затвор.

Антони е 12 годишно момче од Пермети. Тој живее со неговата баба од мајчина страна. Двајцата родители на Антони се во затвор.

Менди е 11 годишно момче. Тој живее во тешки економски услови со неговата мајка. Неговата сестра е сместена во Домот за деца „Зубер Халули“ во Тирана. Таткото на Менди е во затвор.

Малвина е 16 годишно девојче. Таа живее со нејзиниот татко. Таа искажа презир за неправедното осудување на нејзината мајка.

Дојран е 15 годишно момче од Тропоја и живее со неговата мајка и двајца постари браќа. Тој има завршено 9-годишно образование и има намера да продолжи во средно стручно училиште.

Алтин е 10 годишно момче од Тирана. Тој заработува продавајќи пакети на улица. Тој беше загрижен за финансиската ситуација на неговото семејство, особено сега кога неговите родители се во затвор.

Енди е 17 годишно момче. Тој само што заврши прва година од средно образование. Енди е срамежливо момче. Тој доаѓа од ромската заедница. Двајцата родители на Енди се во затвор.

Линда е 14 годишно девојче од градот Лак. Таа живее со нејзината мајка откако нејзиниот татко беше осуден. Линда има завршено основно образование и се надева дека ќе продолжи со средно образование.

***Б) Методологија на истражувањето***

Оваа студија повеќе се смета како процес на откривање отколку како едноставно тестирање на хипотези. Во ова квалитативно истражување, акцентот е ставен на значењето на искуствата, навиките, очекувањата и перспективите на учесниците во однос на нивните права и определување на нивните непосредни потреби.

Овој труд е дел од серија мали студии на авторката за потребите на докторските студии. Исто така, личното искуство со групите лишени од слобода и желбата да се донесе нешто различно, нешто ново во областа на проучување, да се придонесе за развојот на професијата на социјалните работници го охрабри истражувачот да ги проучува децата чии родители се во затвор. Оваа многу различна група, нестабилна во времето и просторот, беше одредена како група за проучување.

***В) Инструменти***

Дизајнот на инструментите во оваа студија е направен врз основа на Холстајн и Губриум (1995). Инструментот на студијата беа „полуструктурирани интервјуа“ што се фокусираат на техники на активно учество и внимателно иследување по неструктурирани прашања. Активното интервју се состои од два елементи: објективни и субјективни. Објективните елементи се поврзани со тоа што ќе биде слободно дискутирано меѓу испитаниците и истражувачот. Субјективното, пак, се однесува на тоа како истражувачот ќе интерпретира „што сака испитаникот“. Во текот на спроведувањето на интервјуата, беше користен прашалник во согласност со намерата и целите на ова истражување.

Главните прашања беа инспирирани од Законот за правата на децата на родители-затвореници. Законот за правата потекнува од интервјуата со децата чии родители се во затвор, спроведени од страна на Партнерството на Сан Франциско за децата чии родители се во затвор. Секое од осумте права е проширено со сведочење на млада личност и конкретни дејства што агенциите и адвокатите можат да ги преземат за го поддржат даденото право.

Друг начин користен во ова истражување беше покажување на картички на кои се напишани правата. Со ова, истражувачот ги идентификуваше правата од Законот за правата: деца на родители-затвореници. Идентификуваните права беа напишани на картички за да служат како ресурси, врски и насоки за да не се загуби ориентацијата на испитаникот. Испитаниците можеа да ги разгледаат картичките и концептите за да одберат една или неколку и да ги споделат нивните искуства за оние што ги читаат. Овој момент служи за да се започне „полуструктурираното интервју".

***Г) Процедура***

Учесниците беа интервјуирани само еднаш во времетраење од речиси 90 минути. Тие беа прашани да ја раскажат нивната сопствена приказна заснована на клучните точки на интервјуто. Интервјуата се откриваат со таканаречена приказна. Наративната анализа е појдовна точка за да се анализираат интервјуата. Таа е користена за да се интерпретираат податоците. Приказните се опишани од страна на Холстајн и Губриум (1997) како „пристапи што нудат некои шеми, имплицитно или експлицитно, за организирање и сфаќање на односите меѓу предметите и опишаните настани." Приказните ни помагаат во процесот на кодирање. Во оваа студија, користен е отворен процес на кодирање, во кој наведените и опишани концепти се на основа на димензиите и карактеристиките. Почетните категории потоа беа развиени во однос на секојдневните околности, последици, контекст, акција и интеракција и факторите на интервенција. На крајот е користено селективно кодирање со цел да се обединат и интегрираат главните делови на студијата. Идентификуваните категории беа поврзани со правото:

- на информираност;
- на вклученост во донесувањето одлуки;
- на грижа;
- на недискриминација и осуда.

Авторот посвети особено внимание на следните етички принципи:

- Свесна согласност според Тери Бланш и Дурхајм (1999) и

Страјдом (2002) е процесот на барање експлицитна дозвола за да се учествува во студијата, на основа на разбирање на целосните процедури на интевјуто и на неговата цел. На пример, сите учесници во студијата беа информирани за целта на интервјуто и фактот дека истото се снима. Учесниците имаат можност да ги читаат забелешките од интервјуто во секое време.

- Доверливоста вклучува согласност од страна на истражувачот за заштита на индентитетот и анонимноста на учесниците во студијата (Стидом, 2002). Малкумина би сакале со други лица да споделат детали од својот приватен живот, своите мислења и емоции. Од оваа причина, доверливоста е неопходен услов за веродостојноста на истражувањето (Ока и Шо, 2000).
- Известување за резултатите: резултатите од студијата ќе бидат објавени со големи обзири кон правата на учесниците. Во ниту еден момент информациите нема да бидат погрешно интерпретирани (Стидом, 2002). Во оваа студија, резултатите во целост се засноваат на податоците добиени од учесниците.

## РЕЗУЛТАТИ

Децата имаат права според Конвенцијата за правата на детето на Обединетите Нации (UNCRC) од 1989 година (ратификувана од Албанија), која овозможува да добијат грижа и воспитување под надзор на родител (член 5), да знаат и да бидат згрижени од родители (член 7 и член 8) и да бидат одделени од нивниот родител само кога тоа е во нивен најдобар интерес (член 9). Членот 9 наведува дека одделувањето може да биде предизвикано од интервенција на државата, но кога тоа ќе се случи, детето треба да биде информирано и има право да одржува врски и директен контакт на редовна основа, ако ова е во негов или нејзин најдобар интерес.

Во март, Советот за човекови права на ОН донесе Резолуција (A/HRC/19/L.31) во однос на правата на детето. Таа содржи суштински делови релевантни за децата чии родители-затвореници, при што голем дел од нив се исти како Законот за правата на децата на родители се во затвор“ започнат во САД од страна на Партнерството на Сан Франциско за децата чии родители се во затвор.

Резултатот од интервјуата е дека некои од овие права не се познати, не се почитуваат и не се имплементираат.

**1. Јас имам право да бидам безбеден/на и да бидам информиран/на за апсењето на мојот родител**

Децата честопати ги добиваат вестите за апсењето на нивниот/те родител/и преку медиумите или уште полошо - од другарите, кои може да ги исмејуваат. Ова особено се случува кога децата не се присутни за време на апсењето. Родителот кој не е уапсен или другите старатели не му ја кажуваат вистината на детето под изговор: „Сакам да ги заштитам". Но, дали ова е добра причина? Јас ги прашав децата за таквиот факт. Линда, 14 годишна од градот Лак го сподели нејзиното искуство:

„Забележав дека мајка ми беше загрижена со денови. Во нашата куќа никој не влегува ниту излегува. Мама беше многу вознемирена. Таа разговараше само со мојот чичко. Еден ден една од нашите сосетки праша за мојот татко. Јас одговорив како што знаев, „Тој е во Грција", таа рече „Оф" и си замина. Јас бев вознемирена. Влегов во куќата и тогаш го слушнав мојот чичко: „Треба да му најдеш на Гани добар адвокат што поскоро. Има многу ризици..." Во тој момент влегов и мајка ми ме прегрна и ми кажа дека тато е во затвор, уапсен. Тоа беше ужасно. Требаше да ми кажат што се случило со татко ми!"

Енди, Менди и другите имаат слично искуство.

**2. Јас имам право да бидам ислушан/на кога се донесуваат одлуки поврзани со мене**

Интервјуираните деца рекоа дека тие треба да бидат прашани пред да се донесат какви било одлуки за нив. По осудувањето на родителот, семејството се распаѓа. Намалувањето на приходот, предрасудите на средината или тешката психо-социјална ситуација го обврзува другиот родител или старател/и да донесат одлуки за иднината на децата. Така, 12-годишниот Антони во овој поглед вели:

„Кога ги затворија моите родители, баба ми ме однесе во друг град. За мене тоа беше многу тешко бидејќи требаше да започнам нов живот; ново училиште; нови пријатели; нов град. Сè беше ново за мене."

**3. Јас имам право да бидам добро згрижен/на во отсуство на мојот родител**

Фактот што едниот родител (или двајцата) е во затвор не мора да значи дека децата треба да го загубат правото да бидат добро згрижени. Во нашето општество, според традицијата, децата се сметаат за возрасни, дури и ако се помлади од 18 години. Ако се најдат во ситуација

родителот да е во затвор, тие треба да бидат возрасни; тие треба да се грижат за другите; девојчињата се мажат, а момчињата работат тешки работи.

За жал, децата треба да се соочат со недостигот од грижа и запоставеноста. Државните институции треба да обезбедат грижа и внимание за децата и да преземат одговорност истото да им го овозможат на децата чии родители се во затвор. Менди, 11 годишна, вели:

„Во мојата куќа, татко ми беше тој што работеше. Кога тој беше осуден, немавме од што да живееме. Мајка ми беше принудена да ја однесе мојата помала сестра во дом за деца. Сега, за да преживееме, јас работам заедно со мајка ми како чистачка на улици. Јас сум и потребна на мајка ми. Наутро, одам на училиште, но не можам да учам доволно. Понекогаш спијам за време на часовите.“

### 4. Јас имам право да зборувам со мојот родител, да го/ја видам и да го/ја допрам

Што се случува во моментите на неделната посета? Главно, се добива истата слика. Децата треба да поминат по истиот, по истите ходници, треба да ги исполнат истите безбедносни правила. Во некои затвори во Албанија, средбите се одвиваат преку мрежа што не им дозволува на децата да се сретнат со нивните родители. За 16-годишната Малвина тоа изгледа вака:

„Тато не носи на секоја средба со мама. Кога ќе се сретнеме со неа, сакаме да останеме колку што е можно подолго, но времето секогаш е премногу кратко. Пред еден месец на мојата помала сестра и беше роденден. Ние сакавме да го прославиме сите заедно, но тоа не беше можно. Затворот има строги правила.“

### 5. Јас имам право на поддршка додека се борам со тоа што мојот родител е во затвор

Евиденцијата на деца чии родители се во затвор не секогаш се зема предвид од страна на властите или од НВО-ите за да бидат вклучени во проекти или стратегии за поддршка. За жал, нивниот капацитет и потреби не се земаат предвид ниту од другите членови на семејството. Детето е дете, што значи дека тој/таа нема право да биде дел од донесување било какви одлуки бидејќи тој/таа го немаат потребниот капацитет да поддржуваат или да се справуваат. Линда вели:

„Татко ми секој ден ја тепаше мајка ми. Последниот пат ја претепа

до смрт и јас бев присутна. Тато беше пијан. Чичко ми повика полиција и тогаш го уапсија. Јас сакав да сведочам на суд, но татко ми и чичко ми не дозволија. Моите родители веќе се смирија, но тато не можеше да биде ослободен. Тој беше осуден на 4 годишна затворска казна.“

**6. Јас имам право да не бидам осудуван/на, обвинуван/на или етикетиран/на поради тоа што моите родители се во затвор**

Стравот од стигматизација може да ги изложи децата на дополнителен стрес, од фактот што тие може да чувствуваат притисок што ја кријат причината за отсуството на нивниот родител како тајна од нивните врсници или од луѓето во пошироката заедница. Овој факт е проучуван од многу истражувачи. Во Албанија, за жал, нема студија за ова прашање. Децата прашани за ова се изјасниле дека тие се соочуваат со осуда од другите, особено од нивните другари и врсници.

Мира вели: „Како деца, ние сфаќаме дека она што го направил нашиот родител е погрешно. Но ние не сме виновни. Јас го сакам мојот татко.“

**7. Јас имам право на доживотна врска со мојот родител**

Децата чиј родител е осуден зборуваат за нините врски со родителите, особено за нивната врска во затвор. Важно е да се разбере дека децата имаат право на доживотна врска со нивните родители. Едно од децата, Енди, на кого двајцата родители му се во затвор, рече:

„Многу луѓе нè гледаат со поинакви очи, како да живееме во специјално семејство, како да сме друг вид на човечки суштества. А ние сме слични на сите други семејства. Ние ги сакаме нашите родители повеќе од сè на светот и тие не сакаат исто така. Тоа е болно за нас како и за секој друг што се наоѓа во слична ситуација.“

Давид, чиј татко беше осуден, вели: „Јас треба да имам доживотна врска со мојот татко; дури и кога тој е во затвор; треба да знам повеќе за него и да му дозволам тој да ме запознае мене.“

## ДИСКУСИЈА

Бидејќи ова е прва студија од ваков вид, истражувачката се стреми не само да ги исполни целите на оваа студија, туку и да воведе нова концептуализација за работата на социјалниот/та работник/чка со деца чиј/и родител/и с/е во затвор. Како што е илустрирано со горенаведените цитати, влијанието на затворот не се однесува само на затворениците.

Тоа исто така влијае на нивните семејства и деца, со што станува императив да се разгледаат пошироките импликации од затворањето за општеството. Сите овие компоненти на економски, психолошки и социјални фактори мора да бидат земени предвид бидејќи, кога зборуваме за децата како иднина на нашето општество, не разговараме само за некое клише.

Децата чиј/и родител/и с/е во затвор имаат сопствено гледиште за правата кои треба да ги уживаат, без разлика на нивниот/те родител/и. Резултатите од оваа студија ќе послужат да се реконцептуализира работата на социјалните работници/чки со децата чиј/и родител/и с/е во затвор во албанското општество.

- **Улогата на социјалните работници//чки во работењето со деца чии родители се во затвор**

Во моментов, социјалните работници/чки се соочуваат со навистина интересни моменти во давањето социјални услуги. Оваа мошне интересна работа се појави во првата инстанца на вклучување на социјалните работници/чки во овие служби. Социјалната работа како професија која ја промовира подготовката на поединци да го остварат својот интелектуален капацитет во рамки на општеството во кое живеат, го осудува недостигот на поддршка за децата чии родители се во затвор. Во име на вистината, мора да се каже дека работењето со таква целна група не е лесно. Етичките прашања и проблеми со кои се соочуваат се огромни.

Многу од овие деца одбегнуваат дискусии поврзани со нивните потенцијални проблеми. Некои од нив покажуваат знаци на песимизам. Тие се чувствуваат безнадежно. Но, ова е само првата слика со која се соочуваат социјалните работници/чки кога работат со нив. Па дури и ако знаеме дека таквата реакција е премногу разбирлива и во случаи со луѓе кои имаат проблеми од друга природа. Социјалните работници/чки треба да најдат техники и да користат различни методи да го охрабрат детето да соработува. Социјалниот/та работник/чка треба да ја преиспита својата позиција и да сфати дека отпорот што тие го покажуваат најверојатно е некаков вид заштита што децата го користат за да ги избегнат предрасудите и понатамошната повреда или се држат до културата во која се израснати. Градењето добар однос се постигнува кога социјалниот/та работник/чка дава конкретен пример за праведно користење, во вистинското време и на вистинското место наведен во мислите, чувствата, изразите, гестовите, однесувањето кој е повеќе

во согласност со нивната професионална етика. Земањето предвид на овие препораки ќе му помогнат на социјалниот работник да изгради правилен однос за да може да помогне.

Ние како професионалци/ки треба да правиме индивидуални проценки. За да реализира таков процес, социјалниот/та работник/чка треба да биде внимателен со цел да собере многу повеќе опширни информации за проблемот и за ситуацијата во која се наоѓа поединецот. Овој процес вклучува собирање информации не само од детето, туку и од роднините. Социјалниот/та работник/чка ќе помогне подобро да се сфатат проблемите што овие деца ги имаат, факторите поврзани со таквите проблеми во самиот почеток и во разбирањето на изворите на проблемот или оние ресурси што можат да помогнат овие проблеми да се решат.

Сепак, социјалните работници/чки, во нивната работа со деца на родители-затвореници се во затвор мора да го земат предвид следново:

I. Идентификација на секое дете како уникатна и индивидуална личност;

II. Личниот систем, системот на семејство и пријатели, општествениот систем;

III. Презентирање на проблемот и почетната цел на состанокот;

IV. Потенцијалните и достапните ресурси за решавање на проблемот;

V. Референтните извори, паралелни иформации;

VI. Историја на семејството каде детето растело, семејството на лицето, проблеми од сексуална природа, насилство, дрога или алкохол, здравствена состојба, образование, вработување, форми на забава, самопроценка, верски убедувања итн.

Социјалните работници/чки, додека работат со оваа група, може да имаат улога на:

- психотерапевт/ка: како што е споменато погоре, соочувањето со казната на родителот/ите е многу тешко за децата и тие може да покажат мали нарушувања во перцепцијата и во личноста. Социјалниот/та работник/чка кој има познавање од психотерапија може да им помогне на децата да се справат со колку што е можно помала нетрпеливост и стрес во оваа ситуација.

- советник/чка: социјалниот работник кој користи серија професионални вештини и способност, особено емпатија, го препознава соговорникот, им помага на децата да се справат со тешката ситуација на затворање на нивниот/те родител/и. Препорачливи се сесии за

советување со овие деца. Како што знаеме, советувањето е интерперсонален однос (Patterson, 1985) и ова не трба да се заборави. Да не заборавиме дека често е доволно за детето да се почувствува добро дека нашло некого кој може да го ислуша и да му даде поддршка. Социјалните работници може да ги прават и двете работи.

- застапник/чка: сите промени што се случуваат во животот на детето се рефлектираат во кратење на нивните права. Социјалниот/та работник/чка треба да биде во позиција да ги заштити нив. Обештетување од каква било злоупотреба на деца е загарантирано во Уставот на Република Албанија, и во многу други закони во рамки на UNCRC.

- врска помеѓу детето и родителот/ите во затвор: разбирливо е дека по моментот на казнување, ништо не е како претходно, вклучувајќи ги и односите со роднините. Често децата треба да се справат со одбивањето на родителот/ите додека ја чека пресудата. Во други случаи, неможноста да се посети родителот/ите може да доведе до влошување на односот помеѓу нив. Во овие околности, социјалниот/та работник/чка треба да обезбеди издржување на детето на исто место каде родителот ја отслужува казната. Од голема помош е да се знае дека многу затвори имаат достапни ресурси и служби за да им помогнат на децата и на семејствата да останат поврзани додека родителот е во затвор.

Социјалниот/та работник/чка мора да го даде својот придонес во дизајнирање и креирање на нова политика за децата чии родители се во затвор. Но, социјалните работници/чки не можат сите овие функции и улоги да ги реализираат самите, без помош и поддршка на соодветната правна и инстутиционална рамка.

Овие деца се дел од општеството и ние имаме задача да станеме свесни дека тие се помеѓу нас и потоа да размислиме како да им помогнеме. Децата немаат вина! Тие се само деца! Како професионалци, социјалните работници/чки мора да поттикнат лидерство и социјална промена во насока на промовирање и советување за правата на оваа социјална група.

**Резиме**

Овој труд има за цел да придонесе за зголемување на интересот и разгледување на ефектите од детенцијата на родител врз детете/децата преку разгледување нови прашања за начинот на работа на социјалните работници со оваа социјална група. Целта на овој труд е да ги истражи, преку искуствата на децата со осуден родител, правата и потребите на нивната цел. Трудот претставува студија која авторката ја спроведе со 10 деца чии родители се во затвор. Користен е квалитативниот метод на полуструктурирани интервјуа. Трудот ги разгледува наодите и заклучоците од истражувањето. Правата на децата со осуден родител не се признаени и честопати не се земани предвид од социјалните институции. Една од најважните препораки на овој труд е зголемувањето на свеста на креаторите на политики за подобро решавање на правата на децата на родители-затвореници.

**Juliana AJDINI**

**CHILDREN OF INCARCERATED PARENTS IN ALBANIA**

**Abstract**

This article aims to contribute to the increased interest and consideration for the effects of parent imprisonment on children by addressing new issues for social work practices with this social group. The purpose of this article is to explore, through the experiences of children with a convicted parent, the rights and needs of their target. The article presents a study that the author has conducted with 10 children with imprisoned parents. The method has been that of qualitative research, based on semi-structured interviews. The article has reached in some findings and conclusions. The rights of children with a convicted parent are not recognized and often aren't considered by social institutions. One of the most important recommendations of this paper is that of increasing awareness of policy-makers to better address the rights of children of incarcerated parents.

**Литература**

Bryman, A., 2001, Social Research Methods, Oxford: Oxford University Press

Boswell, G., and Wedge, P, 1999, The Parenting Role of Imprisoned Fathers, London: Department of Health, 2002; look at Imprisoned Fathers and Their Children, Jessica Kingsley Publishers

Devine, F. "Qualitative Methods" in Marsh, D and Stoker, G (ed), 1995, Theory and Methods in Political Science, Houndmills: Palgrave

Fantuzzo, J. & Lindquist, C., 1989, the effects of observing conjugal violence on children: A review & analysis of research methodology. Journal of Family Violence, 4(1), 77-94.

Fritsch, T.A., and J.D. Burkhead, 1981, "Behavioral Reactions of Children to Parental Absence Due to Imprisonment." Family Relations 30

Gubrium, Jaber F. & Holstein, James A. 1997, The New Language of Qualitative Method. New York: Oxford: Oxford University Press

Gabel, K, Johnston, D., (eds.), 1995, Children of Incarcerated Parents, New York: Lexington Books.

Hagan, J, 1998, The Next Generation: Children of Prisoners, (http://www.doc.state.ok.us/DOCS/OCJRC/ Ocjrc96/Ocjrc19.htm).

Hairston, C.F. 2007, Focus on Children with Incarcerated Parents: An Overview of the Research Literature. Annie E. Casey Foundation

Hairston, C., 1998, The forgotten parent: Understanding the forces that influence incarcerated fathers' relationships with their children, Child Welfare, 77 (5).

Healy, K, Foley, D. and Walsh, K., 2000, Parents in Prison and Their Families: Everyone's Business and No-one's Concern, Brisbane: Catholic Prison Ministry.

Howard, S, 2000, Fathering behind Bars, (2000), (http://www.aifs.org.au/institute/afrc7/howard.html).

La Vigne, N.G.,2005, Examining the effect of incarceration and in-prison family contact on prisoners' family relationships. Journal of Contemporary Criminal Justice, 21(4).

Lowenstein, A., 1986, "Temporary Single Parenthood—the Case of Prisoners' Families." Family Relations 35.1.

Maruschak, L.E., 2009, Parents in Prison and Their Minor Children. Bureau of Justice Statistics.

Mumola, Christopher, 2000, Incarcerated Parents and Their Children. Washington DC: U.S. Department of Justice,

Moses, M.C. (2006). Does Parental Incarceration Increase a Child's Risk

for Foster Care Placement? NIJ Journal No. 255, available at: http://www.ojp.usdoj.gov/nij/journals/255/parental_incarceration.html

McDermott, Eileen, 2000, The Role of the Children's Play Area in Mountjoy Prison in Supporting Families and Children of Prisoners, unpublished thesis presented for the Diploma in Early Childhood Care and Education, DIT, 2000.

Noble, C., 1995, Prisoners' Families: The Everyday Reality, Ipswich: Ormiston Trust.

O'Mahoney, P, 1997, Mountjoy Prisoners: A Sociological and Criminological Profile, Dublin: Stationery Office.

Reed, D., & Reed, E., 1997, Children of Incarcerated Parents. Social Justice; Fall 1997

Ross, T., Khashu, A., & Wamsley, M., 2004, Hard data on hard times: An empirical analysis of maternal incarceration, foster care and visitation. New York: Vera Institute of Justice Available online at: http://www.vera.org/publication_pdf/245_461.pdf.;

San Francisco Partnership for Incarcerated Parents, 2003, Children of Incarcerated Parents A Bill of Rights.

Seymour, C, 1998, Children with Parents in Prison: Child Welfare Policy, Program and Practice Issues, (http://www.Cwla.org/programs/incarcerated/so98journalintro.htm).

Shaw, R, 1987, Children of Imprisoned Fathers, London: Hodder and Stoughton

Strydom, H. 2002, Ethical aspects of research in social science and human service professions. In De Vos, A.S (Ed.), Strydom. H., Fouche, C.B, & Delport, C.S.L. 2 nd ed. Research at Gross Roots for the social science and human service professions. Pretoria: Van Schaik Publishers.

Travis, Jeremy and Michelle Waul. Prisoners Once Removed. Washington DC: The Urban Institute Press, 2003

Tudball, N, 2000, Doing it Hard: A Study of the Needs of Children and Families of Prisoners in Victoria, Victoria: Victoria Association for the Care and Resettlement of Offenders.